# СООПШТЕНИЕ

## ***Пријави/одјави на работници на определено време***

На барање на бизнис заедницата, пред нешто повеќе од половина година Агенцијата за вработување на РМ, Фондот за здравствено осигурување и Фондот за пензиско и инвалидско осигурување ја ревидираа и усогласија процедурата за пријавување и одјавување на работници во фирми на кои договорите за работа на определено време им се продолжуваат без притоа да има прекин во работниот однос, во насока да не се  врши одјава и пријава во работен однос со нов датум.




Имено, се напушти праксата да овие вработени се одјавуваат, па потоа повторно се пријавуваат во ист ден, во случаи кога се работи само за продолжување на нивната работа на определено време, и тоа на истото работно место и во истата фирма.

Денеска, би сакале да потсетиме, односно уште еднаш да потенцираме дека обврските на работодавецот во однос на социјалното осигурување на работникот се следниве:

- Работодавачот кој засновал работен однос со договор за вработување на определено време за работникот е должен да поднесе М1 пријава за задолжително социјално осигурување.

- Во случај да работодавачот сака неговиот работен однос да го продолжи без прекин, тоа може да го направи со склучување на нов договор за вработување или анекс на постојниот договор. **Притоа, прв пат поднесената пријава во задолжително социјално осигурување важи се’ додека трае работниот однос, односно работодавачот не треба да поднесува одјава/пријава при секое продолжување на договорот за вработување на определно време, онаму каде што нема ниту еден ден прекин на осигурувањето.**